| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Птиците во селскиот двор |
| **Содржина на денот** | Шарени јајца |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во домот, градинката и поширокота околина.<br>Пред да се приготвува разновидна храна во кујната мора да се оддржува хигиена, да се измијат рацете, добро да се дезинфицираат и да се прибере долгата коса. |
| **Активност** | Ликовно-истражувачките игри кај децата предизвикуваат голем интерес, развиваат креативност, самостојност и сл.<br>Во понатамошниот текст ќе се сретнете со некои техники кои можете да ги работите заедно со Вашето дете.<br>1.Декорирање на јајца со тревки или цвеќиња.<br>Потребен материјал за оваа техника се хулахопки (по можност свилени за да може бојата подобро да продира низ нив), боја за јајца, тревки или цвеќиња кои ќе ги соберете заедно со детето.<br>Ставете тревка врз јајцето и обвиткајте ја со парче хулахопка и цврсто врзете од двете страни со ластик или конец.Таквите јајца се варат заедно со посакуваната боја. Откако ќе ги сварите извадете ги хулахопките и тревките. Детето може да ги декорира јајцата со циркони околу контурата на тревката. Во следниот линк ќе можете да ја видите оваа техника.<br>https://youtu.be/7QSARBHTw-c<br>2.Декорирање на  јајца со декупаж техника.<br>Оваа техника е исто така интересна за децата. За оваа техника потребни се салфетки со дезен по избор на детето и белка од јаце за зацврстување. Во следниот линк ќе видите како се изведува оваа техника. |

| | |
|---|---|
| | https://youtu.be/A1NBZdFps3I<br>3.Декорирање на јајца со ластичиња.<br>За оваа техника потребни се тенки ластичиња и боја за јајца. Внимателно завиткајте ги јајцата со ластичиња како во линкот и ставете ги во посакуваната боја.(Јајцата се претходно сварени).<br>https://youtu.be/4vZ-lUO_CXQ<br>4.Декорирање на јаца со ориз.<br>Во оваа техника детето може целосно да се вклучи, а притоа потребни се следните намирници:ориз, кесички и боја за јаца. На следниот линк можете да погледнете како се работи оваа техника.<br>https://youtu.be/c97AZpDa4pM<br>5.Изработка на  јајце во вид на животно или инсект.<br>Со малку труд и користејки ја својата имагинација декорирањето на јајцата заедно со Вашите деца ќе го направите момент кој долго ќе се памети.<br>https://youtu.be/Y_ZWTjbTP20 |